РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
Бизнис академија Смилевски-БАС
Бр. 02-81/1
01.04 2026 год.
БИТОЛА

БАС
ВИСОКА ШКОЛА

Врз основа на член 10, 123, 126, 127, 149, 207 од Законот за високо образование („Службен весник на РСМ" бр. 82/18 и измени) и член 60, 93, 95, 96, 130 и 131 од Статутот на БАС, а во врска со надоместоците за образовни, стручни, административни и други видови услуги, Органот на основачи на БАС, на својата седница одржана на ден 12.03.2026 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

за школарини на прв и втор циклус на студии на Бизнис академија Смилевски - БАС

**Член 1**

Школарината за прв и втор циклус на студии се пресметува врз основа на бројот на стекнати кредити (ЕКТС).

**Член 2**

Цената на 1 (еден) ЕКТС изнесува 23.33 € за ДДС

Цената на 1 (еден) ЕКТС изнесува 25 € за ПДС

**Член 3**

Вкупната школарина за прв циклус изнесува 4200 евра и може да се плаќа на рати.

**Член 4**

Вкупната школарина за втор циклус изнесува 1500 евра и може да се плаќа на рати.

**Член 5**

За ДДС, за сите видови и категории на студирање кандидатите плаќаат:

- 200 евра административни трошоци и се плаќаат со потпишувањето на договорот;
- 100 евра за издавање на дипломата на крајот од студирањето.
- 100 евра за пријава на Практикумите.
- 250 евра за заверување на сите шест семестри (2500 ден по семестар, вкупно 15.000)

За ПДС, за сите видови и категории на студирање кандидатите плаќаат:

- 100 евра административни трошоци и се плаќаат со потпишувањето на договорот и
- 100 евра за издавање на дипломата на крајот од студирањето.
- 100 евра за одбрана на труд
- 5000 денари за заверка на семестри (по 2500 за семестар)

**Член 6**

Плаќањето на школарината може да се врши на рати (до 12 месечни рати во текот на годината). Под одредени услови и за одредени категории на студенти БАС обезбедува и поволности во однос на висината и начинот на плаќање на школарината.

**Член 7**

Академијата може да даде одредени попусти на студенти кои спаѓаат во една од овие категории:

- 10 % семеен попуст за прво колено кое е или бил студент на БАС со вкупна школарина од 3780 евра или 1260 евра годишна школарина;
- 10 % за запишување во промотивна квота до 30 јуни 2026 со вкупна школарина од 3780 евра или 1260 евра годишна школарина, по три на локација по принципот прв дојден прв услужен;
- 15% за вработени лица на партнерски организации и нивните потесни семејства (прво колено) како и за соработници на БАС и нивните потесни семејства со вкупна школарина од 3360 евра или 1120 евра годишна школарина;
- 33 % за бранители и нивното потесно семејство (прво колено) со вкупна школарина од 2814 евра или 938 евра годишна школарина;
- 20% организациски пакет за тројца студенти со школарина за прв циклус од 3150 евра или 1050 по студент или 1050 евра годишна школарина.
- 10% организациски пакет важи за втор циклус на студии.
- 15% попуст за спортисти од професионални спортски клубови, со дополнителни обврски за маркетинг активости на БАС.
- 50 % за потесното семејство (прво колено) на постојано вработените на БАС или 2100 евра за прв циклус на студии;
- 50 % за ментори или 25% за прво колено или трансфер на ваучер на друго лице за теренска студентска практика или 2100 евра вкупна школарина за менторот и 3150 со 25% евра за прво колено на менторот, со исполнување на обврските од договорот за менторство;
- 5% за однапред уплата на годишна/вкупна школарина. Плаќањето е во почетокот на студирање на годината.
- 1350 евра вкупна школарина за студенти кои завршиле прв циклус на БАС и продолжуваат да студираат на втор циклус на студии на БАС, ако нема претходен попуст на ДДС.

**Член 8**

Студентите имаат право на користење само на еден попуст од горенаведените категории.

**Член 9**

За трансфер на кредити вредноста на ЕКТС е 23.33 евра за ДДС и 25 евра за ПДС.

За синергирањето се доплаќа 50% од вредноста на горенаведените ЕКТС.

За студирање на далечина се доплаќа 30% од вредноста на горенаведените ЕКТС.

**Член 10**

Висината на школарината за студентите странски државјани ја одредува Органот на основачи на БАС.

**Член 11**

Со претходно одобрение од основачите студентот може да биде ослободен од плаќање на рата, дел од школарина или вкупен износ на школарина.

**Член 12**

Одлуката важи за студентите кои ќе се запишат на прв или на втор циклус на студии на БАС од студиската 2026/2027 година.

За студентите запишани во претходните студиски години важи школарината утврдена во Договорот за школување.

**Орган на основачи:**

**Виш пред. м-р Горазд Смилевски**

**Проф. д-р Цветко Смилевски**

Цена Смилевска